# ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино

**Акционерско друштво за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино**

***Населено место без уличен систем Црвени Брегови Неготино***

Врз основа на Решението од Комисијата за хартии од вредност број УП1 10-15 од 19.04.2019 година, Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино со II-ра (втора) емисија на обични акции број СО.0201-12 од 12.04.2019 година

О Б Ј А В У В А

## П Р О С П Е К Т

***За зголемување на основната главнина на***

***ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино***

***по пат на јавна понуда – II-ра (втора) емисија***

"Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава."

1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА ..... 2
2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ ..... 3
3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ ..... 3
4. ФАКТОРИ НА РИЗИК ..... 3
5. ПОДАТОЦИ НА ИЗДАВАЧОТ ..... 9
6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД ..... 11
7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ..... 13
8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА ..... 13
9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ..... 16
10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ..... 21
11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ ..... 25
12. ТРЕНДОВИ ..... 25
13. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ ..... 25
14. ВРАБОТЕНИ ..... 32
15. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ ..... 33
16. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ ..... 34
17. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ..... 36
18. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ..... 39
19. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ ..... 44
20. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС ..... 44
21. УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА ..... 44
22. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ..... 45
23. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА ..... 50
24. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА ..... 56
25. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ ..... 56
26. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ ..... 56

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

Друштво за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови 1 Неготино

## 1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА

### 1.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот

**Членови на Одборот на директори на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино**

1. Никола Деребанов – Претседател и неизвршен член на Одбор на директори
2. Никола Аџиев – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори
3. Иван Цветковски – Неизвршен член на Одбор на директори
4. Илија Маслов – Неизвршен член на Одбор на директори

**Лице одговорно за изготвување на финансиските, правните и организационите податоци во врска со Проспектот**

1. Никола Аџиев – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

### 1.2. Изјава од сите горенаведени одговорни лица:

*"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата"*

**Членови на Одборот на директори:**

Никола Деребанов
Претседател и неизвршен член на Одбор на директори

______________________

Никола Аџиев
Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

______________________

Иван Цветковски
Неизвршен член на Одбор на директори

______________________

Илија Маслов
Неизвршен член на Одбор на директори

______________________

**Лице одговорно за изготвување на финансиските, правните и организационите податоци во врска со Проспектот**

Никола Аџиев
Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

______________________

Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ

### 2.1. Називот и седиштетото на брокерската куќа, овластената банка или подружницата на странска брокерска куќа, која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот.

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Бregови Неготино има склучено Договор за соработка со Комерцијална банка АД Скопје која се јавува како покровител за спроведување на постапката за вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

Во име и за сметка на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, Проспектот е изготвен од страна на Комерцијална банка АД Скопје, Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, со седиште на Орце Николов бр.3, Скопје, Р.Северна Македонија (во понатамошниот текст: Банката).

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ

### 3.1. Називот и седиштетото на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години.

Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје со седиште на Св.Кирил и Методиј бр.20, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија ја изврши ревизијата на финансиските извештаи за 2015, 2016 и 2017 година.

За ревизија на годишните финансиски извештаи за 2018 година повторно е избрано Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје.

### 3.2. Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години

Во последните три години не е извршена промена на друштвото за ревизија.

## 4. ФАКТОРИ НА РИЗИК

Секој потенцијален инвеститор при донесувањето на одлуката за вложувањето во акциите на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, би требало да ги земе сите фактори на ризик кои се претставени во Проспектот, но исто така инвеститорот се упатува и на сопствена оценка на финансиската ситуација на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, како и на сите останати фактори и информации кои можат да влијаат на цената на акциите.

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Подолу се наведени главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со ризиците.

### 4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа.

Најзначајните ризици со кои потенцијално се соочува Издавачот, а се специфични за индустриската гранка на која припаѓа, може да се категоризираат во 5 групи:



Извршен член на Одбор на директори
Никола Алиев
Генерален директор

- **Ризици поврзани со производство**: остварување на приноси кои се пониски од очекуваните како резултат на неповолни временски услови (суша, мраз или премногу дожд во фазата на берба) и последователно на тоа штети предизвикани од болести и инсекти (кои се јавуваат и покрај аплицираните заштитни мерки);
- **Пазарни ризици:** постигнување на продажни цени кои се пониски од планираните како резултат на зголемената конкуренција на страната на понудата или променети преференци и вкусови на потрошувачите на страната на побарувачката. Исто така, ризик претставува и неисполнување на стандардите наметнати од пазарот и во однос на квалитет на производ и во однос на пакување на истиот;
- **Финансиски ризици**: финансиските ризици директно произлегуваат од претходно споменатите два ризици преведени во недостаток на готовински средства, генерирање на пониски профити, потежок пристап до обртни средства и долгорочни кредити од банки. Од друга страна, ризик кој директно влијае на финансискиот резултат, а кој е независен од самиот процес на производство е зголемување на цените на суровините, промена на каматните стапки на кредитите и слично;
- **Ризик поврзан со капиталот**: заклучно со 31.12.2018 година Друштвото има негативен нето капитал во износ од 101,67 илјади денари, поради акумулираните загуби од претходните години, и понатамошното работење на Друштвото зависи од финансиската поддршка која ја обезбедуваат акционерите.
- **Ризици поврзани со работна сила**: недостатокот на работна сила (квалификувана и неквалификувана) е се` почест проблем ако се има во предвид дека земјоделството е се` уште високо трудоинтензивна гранка, а понудата на работна сила е многу ограничена што директно го отежнува производниот процес и
- **Ризици поврзани со загадувањето на животната средина**: неадекватната и прекумерна употреба на пестициди во самиот процес на производство влијае на загадувањето на животната средина и долгорочното користење на земјата, што пак произлегува од недоволната оспособеност на расположливата работна сила.

**4.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции**

- **Пазарен ризик**

  *Ризик од промени на курсевите*

  Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат пред се од користењето на позајмици од странски субјекти, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во државата не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое сепак е ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен. Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани во денари за периодот 2015 - 2018 година по валути е следната:

Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

| на 31.12. | Средства во 000 | | | | Обврски во 000 денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| ЕУР | 331 | 265 | 265 | 165 | 194,129 | 198,418 | 200,432 | 202,451 |
| УСД | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **331** | **265** | **265** | **165** | **194,129** | **198,418** | **200,432** | **202,451** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Друштвото претежно е изложено на ЕУР.
Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| на 31.12. | Зголемувања за 10% | | | | Намалувања за 10% | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| ЕУР | -19,657 | -19,815 | -20,017 | -20,229 | 19,657 | 19,815 | 20,017 | 20,229 |
| УСД | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Нето ефект** | **-19,657** | **-19,815** | **-20,017** | **-20,229** | **19,657** | **19,815** | **20,017** | **20,229** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

*Ризик од промени на цените*

Друштвото не е изложено на значаен ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба, со оглед дека истото не располага со значајни вложувања.

*Ризик поврзан со акциите изададени од Друштвото*

Акциите на Друштвото ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино се тргуваат на Македонска берза АД Скопје на сегментот Редовен пазар во подсегментот Слободен пазар. Врз основа на историјата на тргување со овие акции може да се констатира дека акциите на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино се со висок степен на неликвидност. Можните причини се гледаат во неисплата на дивиденда, низок free-float, односно еден доминантен сопственик со учество од 67,75% во акционерскиот капитал. Потенцијалните купувачи на акции од оваа јавна понуда треба да го земат во предвид овој ризик на неликвидност на акциите при носење на одлуката за инвестирање, бидејќи во случај на идна продажба на акциите може да се соочат со неликвидност, т.е. недоволен број на заинтересирани купувачи за овие акции. Голем е ризикот акционерите да не добијат исплата на дивиденда имајќи ги предвид загубите од работењето и негативниот нето капитал, а доколку негативното финансиско работење продолжи и во следниот период и понатаму ќе продолжи политиката за неисплата на дивиденда.

- **Кредитен ризик**

  Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото има значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека најголем купувач е друштвото Винарија Стоби ДООЕЛ со учество од преку 80% во продажбите и побарувањата. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

- **Каматен ризик**

  Друштвото е изложено на ризик од промени на каматни стапки, кои се однесуваат на користените кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Овој вид на ризик зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото нема начин да го намали. На датумот на билансот на состојба, Друштвото има значајни износи на користени позајмици, но истите се договорени со фиксни каматни стапки, па според тоа и не постои значајна изложеност на ваков вид на ризик од промени на каматните стапки. Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик за периодот 2015 - 2018 година е како што следува:

| **Финансиски средства на 31.12. во 000 денари** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| *Некаматоносни:* | | | | |
| - Парични средства | 6 | 1 | 2 | 7 |
| - Побарувања од купувачи | 32,588 | 37,479 | 19,076 | 18,246 |
| - Дадени позајмици | 20,368 | 23,776 | 20,120 | |
| - Останати побарувања | 1,291 | 329 | 624 | 553 |
| - Вложувања во хартии од вредност | 477 | 411 | 411 | 311 |
| | **54,730** | **61,996** | **40,233** | **19,117** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | | | |
| - Парични средства | 339 | 1 | 7 | |
| | **339** | **1** | **7** | |
| | | | | |
| **Вкупно** | **55,069** | **61,997** | **40,240** | **19,117** |

| **Финансиски обврски на 31.12. во 000 денари** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| *Некаматоносни:* | | | | |
| - Обврски кон добавувачи | 32,963 | 46,857 | 58,081 | 32,272 |
| - Обврски по основ на позајмици | - | 4,436 | - | |
| - Останати тековни обврски | 14,659 | 13,969 | 13,754 | 15,020 |
| | **47,622** | **65,262** | **71,835** | **47,292** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | | | |
| - Обврски по основ на кредити од банки | - | - | - | |
| | - | - | - | |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | | | |
| - Обврски по основ на позајмици | 196,162 | 198,418 | 200,432 | 202,451 |
| | **196,162** | **198,418** | **200,432** | **202,451** |
| | | | | |
| **Вкупно** | **243,784** | **263,680** | **272,267** | **249,743** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Со оглед дека Друштвото нема изложеност на варијабилни каматни стапки не е презентирана сензитивна анализа на ефектите од нивното движење.

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

Друштво за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Бregови 1 Неготино

- **Ликвидносен ризик**
  Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31.12.2015 година според нивната доспеаност:

| **31.12.2015** | **до 1 месец** | **1 - 3 мес.** | **3 - 12 мес.** | **над 12 мес.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **во 000 денари** | | | | | |
| Парични средства | 345 | - | - | - | **345** |
| Купувачи | 32,588 | - | - | - | **32,588** |
| Вложувања | - | - | 477 | - | **477** |
| Дадени позајмици | 20,368 | - | - | - | **20,368** |
| Останати побарувања | 1,291 | - | - | - | **1,291** |
| | **54,592** | **0** | **477** | **0** | **55,069** |
| | | | | | |
| Добавувачи | 32,963 | - | - | - | **32,963** |
| Кредити и позајмици | - | - | - | 196,162 | **196,162** |
| Останати обврски | 14,659 | - | - | - | **14,659** |
| | **47,622** | **0** | **0** | **196,162** | **243,784** |

**Податоците заклучно со состојба од 31.12.2015 година се ревидирани од овластен ревизор.*

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31.12.2016 година според нивната доспеаност:

| **31.12.2016** | **до 1 месец** | **1 - 3 мес.** | **3 - 12 мес.** | **над 12 мес.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **во 000 денари** | | | | | |
| Парични средства | 2 | - | - | - | **2** |
| Купувачи | 37,479 | - | - | - | **37,479** |
| Вложувања | - | - | 411 | - | **411** |
| Дадени позајмици | 23,776 | - | - | - | **23,776** |
| Останати побарувања | 329 | - | - | - | **329** |
| | **61,586** | **0** | **411** | **0** | **61,997** |
| | | | | | |
| Добавувачи | 46,857 | - | - | - | **46,857** |
| Кредити и позајмици | 4,436 | - | 14,067 | 184,351 | **202,854** |
| Останати обврски | 13,969 | - | - | - | **13,969** |
| | **65,262** | **0** | **14,067** | **184,351** | **263,680** |

**Податоците заклучно со состојба од 31.12.2016 година се ревидирани од овластен ревизор.*

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31.12.2017 година според нивната доспеаност:

Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

| 31.12.2017 | до 1 месец | 1 - 3 мес. | 3 - 12 мес. | над 12 мес. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| во 000 денари | | | | | |
| Парични средства | 9 | - | - | - | **9** |
| Купувачи | 19,076 | - | - | - | **19,076** |
| Вложувања | - | - | 411 | - | **411** |
| Дадени позајмици | 20,120 | - | - | - | **20,120** |
| Останати побарувања | 624 | - | - | - | **624** |
| | **39,829** | **0** | **411** | **0** | **40,240** |
| | | | | | |
| Добавувачи | 58,081 | - | - | - | **58,081** |
| Кредити и позајмици | - | - | - | 200,432 | **200,432** |
| Останати обврски | 13,754 | - | - | - | **13,754** |
| | **71,835** | **0** | **0** | **200,432** | **272,267** |

**Податоците заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор.*

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31.12.2018 година според нивната доспеаност:

| 31.12.2018 | до 1 месец | 1 - 3 мес. | 3 - 12 мес. | над 12 мес. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| во 000 денари | | | | | |
| Парични средства | 7 | - | - | - | **7** |
| Купувачи | 130 | 1,239 | 14,914 | 1,963 | **18,246** |
| Вложувања | - | - | 311 | - | **311** |
| Дадени позајмици | 0 | - | - | - | **0** |
| Останати побарувања | 553 | - | - | - | **553** |
| | **690** | **1,239** | **15,225** | **1,963** | **19,117** |
| | | | | | |
| Добавувачи | 32,272 | - | - | - | **32,272** |
| Кредити и позајмици | - | - | - | 202,451 | **202,451** |
| Останати обврски | 15,020 | - | | - | **15,020** |
| | **47,292** | **0** | **0** | **202,451** | **249,743** |

*Податоците заклучно со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

- **Ризик на финансирање**

  Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити и позајмици со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември за периодот 2015 – 2018 година е следната:

  Следната табела го прикажува ризикот на финансирање за периодот 2015 – 2018 година:

| на 31.12. во 000 денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Обврски по кредити и позајмици | 196,162 | 202,854 | 200,432 | 202,450 |
| Пари и парични еквиваленти | -345 | -2 | -9 | -7 |
| **Нето обврски (пари)** | **195,817** | **202,852** | **200,423** | **202,443** |
| **Акционерски капитал** | **105,344** | **105,344** | **105,344** | **105,344** |
| **% на задолженост** | **186%** | **193%** | **190%** | **192%** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

Друштво за производство, промет и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови 1 Неготино

- **Даночен ризик**
  Согласно законските прописи во Р. Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2017 година, како и на персоналниот данок на доход и придонесите на личните примања.

## 5. ПОДАТОЦИ НА ИЗДАВАЧОТ

### 5.1. Податоци за историјата и развојот на издавачот.

#### 5.1.1. Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број).

Акционерско друштво за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино, со седиште во Населено место без уличен систем Црвени Брегови Неготино, Р. Северна Македонија тел: +389 43 368 522 и е-маил: crvenibregovi@yahoo.com

#### 5.1.2. Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото.

Запишано во трговскиот регистар при Основен суд Скопје I во Скопје со број на регистарска влошка на регистарскиот суд 020230027-4-03-000 и со ознака и број на уписникот на судот трег.бр.4743/99, со датум на основање од 01.09.1997 година.
ЕМБС на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино е 4195094.

#### 5.1.3. Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време.

Согласно Законот за трговски друштва, Друштвото е регистрирано под Трег. Бр. 4743/99, со датум на основање од 01.09.1997 година на неопределено време.

#### 5.1.4. Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи.

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино е организирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

Друштвото работи врз основа на Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за платен промет, Законот за девизно работење, Закон за облигационите односи и сите други законски и подзаконски акти релевантни за неговото работење.

#### 5.1.5. Значајни настани во деловниот развој на издавачот.

Друштвото за земјоделско производство и трговија ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино настана со трансформација на ЗПТП „Црвени Брегови" со претворање на побарувањата на доверителите во траен влог, со Одлука за начинот и постапката на трансформација на ЗПТП „Црвени Брегови" Неготино бр.0104 од 17.04.1998 година.

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

Земјоделското производно трговско претпријатие „Црвени Брегови“ Неготино се трансформира во постапка на стечај. Со Решение Ст.бр.563/96 од 10.02.1998 година на Основниот суд во Кавадарци е запрена стечајната постапка.

ЗПТП „Црвени Брегови“ Неготино е регистрирано во Основниот суд Скопје I Скопје под Срег. Бр. I 5344/97 од 01.09.1997 година.

Со одлуката за начинот и постапката на трансформација бр.0104/14 од 17.04.1998 година претпријатието се организира во Акционерско друштво.

Управниот одбор на Агенцијата на Република Северна Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Одлука бр.02-2708/1 од 17.06.1998 година даде согласност на Одлуката наведена во претходниот став.

## 5.2. Инвестиции

### 5.2.1. Опис и износ на значајните инвестиции на издавачот за последните три финансиски години.

Во продолжение се дадени податоци за описот и износите на значајните инвестиции на Издавачот за последните три финансиски години:

| Бр. | Инвестиција | Количина | Година на набавка | Износ во 000 денари |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ѓубрерастурач Амазон 1000 литри | 1 | 2016 | 90.00 |
| 2 | Плуг седмобразден лозарски | 2 | 2016 | 136.40 |
| 3 | Косачка Миракс | 1 | 2016 | 50.19 |
| 4 | Лавор ЛМХ 170/13 Т | 1 | 2016 | 39.75 |
| 5 | Комбајн за берење грозје | 1 | 2016 | 6,933.86 |
| 6 | Брана тешка 4,5 метри Сатекс | 1 | 2018 | 282.06 |

***Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

### 5.2.2. Опис на значајните инвестиции на издавачот кои се во тек, вклучувајќи и податок за географската локација на инвестициите (дома или во странство) како и податок за начинот на финансирање на истите (внатрешни или надворешни извори на средства.

Во моментот кај издавачот ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино не постојат значајни инвестиции кои се во тек.

### 5.2.3. Податоци за идните инвестиции на издавачот за кои неговиот менаџмент веќе има преземено обврски.

Нема идни инвестиции за кои веќе се преземени било какви обврски. Се планира набавка на подривач за лозарство во износ од 250,000 денари и атомизери за прскање за подобрување на процесот на производство. Исто така, планирано е обновување на насадот на вишна (во моментов нема информација

за цена на садници, на колкава површина би била и во која година би се реализирала инвестицијата), обновување на лозовите насади кои веќе携 стареат и постепено обновување и модернизирање на целокупната механизација, но тоа директно е поврзано со успешноста на работењето на друштвото и пристапот до финансиски средства.

## 6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД

### 6.1. Основни дејности.

#### 6.1.1. Опис и клучни фактори во врска со природата на активностите на издавачот и неговите основни дејности, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години.

Основната дејност на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино е производство и промет на земјоделски производи. Функционално, Друштвото е организирано на следниот начин:

- РЕ Полјоделство
- РЕ Овоштарство
- РЕ Лозарство
- РЕ Механичка работилница
- РЕ Администрација

Согласно податоците од Тековната состојба на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино, приоритетна дејност на Друштвото е Одгледување на грозје (Главна приходна шифра 01.21). Исто така, Друштвото е регистрирано за вршење на дејности во надворешниот промет.

#### 6.1.2. Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга и во рамките на она што е јавно објавено за развојот на новиот производ или услуга, податок за фазата на развој.

Во моментот ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино нема позначајни активности за развој на нов производ или услуга.

### 6.2. Пазари на кои издавачот работи.

Друштвото ги продава своите производи на домашниот пазар и како најголеми купувачи се јавуваат поврзаните субјекти, односно најголем купувач е друштвото Винарија Стоби ДООЕЛ со учество од преку 80% во продажбите.

Во продолжение се дадени податоци за остварените приходи од продажба по категорија на активности и географската локација на истите за периодот 2015 – 2018 година.

| на 31.12. во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи на домашен пазар | 88.07 | 82.64 | 33.21 | 91.00 | 98.71% | 98.63% | 98.60% | 97.73% |
| Приходи од продажба на стоки на домашен пазар | 1.16 | 1.15 | 0.47 | 2.11 | 1.29% | 1.37% | 1.40% | 2.27% |
| **Вкупно** | **89.23** | **83.80** | **33.68** | **93.11** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

| на 31.12. во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од житарици | 15.96 | 26.84 | 6.88 | 31.48 | 17.88% | 32.03% | 20.43% | 33.93% |
| Приходи од лозарство | 51.67 | 46.13 | 26.19 | 57.13 | 57.90% | 55.05% | 77.76% | 61.58% |
| Приходи од овоштарство | 19.71 | 7.79 | 0.00 | 2.39 | 22.09% | 9.29% | 0.00% | 2.58% |
| Приходи од продажба на стоки во транзит | 1.89 | 3.00 | 0.47 | 0.83 | 2.12% | 3.58% | 1.40% | 0.89% |
| Приходи од услуги | 0.01 | 0.04 | 0.14 | 0.95 | 0.01% | 0.04% | 0.41% | 1.02% |
| Вкупно | 89.23 | 83.80 | 33.68 | 92.78 | 100.00% | 100.00% | 100.00% | 100.00% |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*







## 6.3. Доколку на дадените податоци од точка 6.1. и 6.2. влијание имале некои невообичаени фактори, да се наведат.

Реализираните приходи од продажба во периодот 2015-2017 година бележат тренд на континуирано намалување, кое главно се должи на намалените приходи од продажба на производи на домашниот пазар, а особено во делот на продажбите на житарици и лозарство. Намалените приходи се последица на исклучително лоша години во која земјоделието се соочи со катастрофални временски неприлики што го преполовија приносот во сите сектори, а со тоа и директно влијаеа на остварените



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

приходи од продажба. Во 2018 година приходите од продажба покажаа позитивен тренд најмногу поради на фактот што станува збор за една оптимална година без драстични климатски осцилации каде се остварија планираните приходи.

### 6.4. Збирен приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од суштинско значење за работата и профитабилноста на издавачот.

Не постои зависност од патенти, лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки кои се од суштинско значење за работата и профитабилноста на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино.

## 7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### 7.1. Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група.

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино е во 67,75% (23.082 обични акции) сопственост на Репро Оне Лимитед Тортола, додека 26,225% е во сопственост на Министерство за финансии на Р. Северна Македонија (8.907 обични акции) и остатокот од 6,11% (2.081 обични акции) е во сопственост на останати помали акционери без поединечно учество од над 5%.

Друштвото е дел од поголема организациона структура, која е графички прикажана подолу:




### 7.2. Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ).

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино нема мнозинскко учество во други друштва.

## 8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови

**8.1. Податоци во врска со постојни или планирани значајни материјални (фиксни) средства, вклучувајќи и изнајмени средства како и податок за некои позначајни реални обврски (оптоварувања) на средствата на издавачот (хипотеки, залог и сл.).**

Сите недвижности со кои располага Друштвото се користат за обавување на неговите активности. Друштвото нема сопственост над земјиштето кое заклучно со 31.12.2017 година е евидентирано во сметководствената евиденција во износ од 38.357 илјади МКД (2016 и 2015: 38.357 илјади МКД респективно), со исклучок на стекнатото земјиште во 2008 година во износ од 262 илјади МКД. Од овој износ, 18.703 илјади МКД се земјиште за кое Друштвото има склучено договори за долгорочен закуп со државата, додека останатите 19.654 илјади МКД се шуми над кои Друштвото исто така нема сопственост и истите се на ЈП Македонски шуми. Како резултат на ова, согласно мислењето со резерва искажано во белешките од независниот ревизор, земјиштето и шумите треба да се намалат, а акумулираната загуба треба да се зголеми за износ од 38.357 илјади МКД, соодветно.

Исто така, согласно мислењето со резерва искажано во белешките од независниот ревизор, со состојба на 31.12.2017 година Друштвото има евидентирано недвижности, постројки и опрема со сегашна вредност во износ од 15.054 илјади МКД (2016: 17.611 илјади МКД и 2015: 13.149 илјади денари). Со оглед на фактот дека до денот на изготвување на финансиските извештаи за 2017 година, Друштвото нема извршено проценка на објективната (пазарна) вредност на истите согласност со МСС 16, ревизорите забележале дека не биле во можност да се стекнат со разумно уверување во однос на тоа дали законската ревалоризирана вредност ја одразува објективната вредност на недвижностите, постројките и опремата онака како што се бара согласно МСФИ.

Друштвото располага со значен број на недвижности (објекти) кои се наоѓаат на различни локации, кои заклучно со 31.12.2017 година имаат сегашна сметководствена вредност од 2.662 илјади МКД (2016: 2.826 илјади МКД и 2015: 2.996 илјади МКД). За еден дел од овие средства, Друштвото поседува документи за сопственост на истите, додека за друг дел сопственоста според имотните или поседовни листови е на Република Северна Македонија, додека Друштвото е корисник на истите. Ваквата состојба произлегува од сеуште нецелосно регулираните имотно-правни односи.

Со состојба на 31.12.2017 година, Друштвото не поседува недвижности, постројки и опрема кои се дадени под хипотека за обезбедување на обврски. Во текот на 2018 година и до датумот на изготвување на овој Проспект, Друштвото не поседува недвижности, постројки и опрема кои се дадени под хипотека за обезбедување на обврски.

Во продолжение е даден преглед на состојбата на недвижностите, постројките и опремата за периодот 2015 – 2018 година:

| **Недвижности постројки и опрема на 31.12. во 000 денари** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|---|
| Земјиште и шуми | 38,619 | 38,619 | 38,619 | 38,619 |
| Градежни објекти | 2,996 | 2,829 | 2,662 | 2,494 |
| Опрема и друго | 10,153 | 14,782 | 12,392 | 10,367 |
| Инвестиции во тек | - | - | - | |
| **Вкупно** | **51,768** | **56,230** | **53,673** | **51,480** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Дополнително, Друштвото поседува и биолошки средства кои се жив добиток (стадо) или растенија (насади). Насадите со сегашна вредност во износ од 50.653 илјади МКД



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови

(2016: 57.979 илјади МКД и 2015: 65.707 илјади МКД) во целост се состојат од лозови и овошни насади од кои што се добиваат земјоделски производи кои се предмет на понатамошна продажба. Стадото во износ од 2.307 илјади МКД во целост се состои од жив добиток (1.260 овци и 65 овни) кои се дадени под наем на Вардар АД Градско и од истите се остваруваат приходи од наемнини.

Согласно мислењето со резерва искажано во белешките од независниот ревизор, со состојба на 31.12.2017 година, Друштвото има евидентирано биолошки средства (насади и стада) во нето износ од 52.960 илјади МКД (2016: 60.286 илјади МКД и 2015: 68.014 илјади денари). Со оглед на фактот дека Друштвото ја нема утврдено веродостојно и целосно објективната вредност на овие средства како што се бара според МСС 41, ревизорите забележале дека не биле во можност да се стекнат со разумно уверување во однос на тоа дали сметководствената вредност ја одразува нивната објективната вредност.

Исто така, како што наведено во мислењето со резерва искажано во белешките од независниот ревизор, со состојба на 31.12.2017 година Друштвото има евидентирано биолошки средства (насади) во нето износ од 50.653 илјади МКД, додека според материјалната евиденција во книгата на основни средства истата изнесува 45.900 илјади МКД, односно постои разлика во износ од 4.753 илјади МКД.

Со состојба на 31.12.2017 година, Друштвото има засеано земјоделски култури во вредност од 10.993 илјади МКД, кои што всушност претставуваат вложувања на Друштвото во есенската сеидба од 2017 година. Во текот на 2017 година, Друштвото има добиено земјоделски производи во вредност од 87.784 илјади МКД.

Со состојба на 31.12.2017 година, Друштвото нема дадено биолошки средства под хипотека или залог за обезбедување на обврски спрема трети лица. Во текот на 2018 година и до датумот на изготвување на овој Проспект, Друштвото нема дадено биолошки средства под хипотека или залог за обезбедување на обврски спрема трети лица.
Во продолжение е даден преглед на состојбата на биолошките средства за периодот 2015 – 2018 година:

| **Биолошки средства на 31.12. во 000 денари** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделско производство | 16,391 | 15,125 | 10,993 | 16,335 |
| Насади | 65,707 | 57,979 | 50,653 | 46,339 |
| Стадо | 2,307 | 2,307 | 2,307 | 2,307 |
| **Вкупно** | **84,405** | **75,411** | **63,953** | **64,981** |

** Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

**8.2. Опис на било кои фактори на окружувањето кои би можеле да имаат влијание на располагањето на издавачот со материјалните средства (на пример ако со закон се регулирани условите за употреба на оддредена опрема која може негативно да влијае на опкружувањето).**

Друштвото ги има склучено следните долгорочни договори за закуп на земјиште:

Договор за долгорочен закуп на земјоделско земјиште склучен со Република Северна Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за користење на површина од 1845.66.26 ха од 19.07.2001 година. Договорот е склучен за период од 30 години. Закупнината за земјиштето треба да почне да се плаќа по 4 години, а висина на истата изнесува: а) 100 кгр. по ха пченица за ридско планинско



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ацев
Генерален директор

подрачје и б) 300 кгр. по ха за останато земјиште. На 16.11.2006 година склучен е Анекс бр.1 во кој се намалува површината за користење на 1712.0202 ха, додека цените се останати исти. На 06.09.2012 година е склучен Анекс бр.2 на договорот со кој е утврдена нова површина за користење од 1573ха 52ар и 98 м2 по цена од 472.059 кгр по ха. На 20.05.2013 склучен е Анекс бр.3 со кој е утврдена нова површина за користење од 1545 ха 91 ар и 34 м2 по цена од 463.774 кгр по ха.

Во текот на 2014 на 14.10.2014 година, склучен е уште еден Договор за закуп на земјоделско земјиште со утврдена нова површина сопственост на државата за издавање под закуп на 18 ха 26 ар и 97 м2 по цена од 6.800,00 ден по ха.

Во текот на 2012 година на 09.08.2012 година, склучен е уште еден Договор за закуп на земјоделско земјиште со утврдена нова површина сопственост на државата за издавање под закуп на 3 ха 28 ар 49 м2 по цена од 4.050,00 ден по ха.

Во текот на 2018 година и до датумот на изготвување на овој Проспект нема потпишани нови договори за закуп или измени на веќе постојните наведени во оваа точка.

## 9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

### 9.1. Финансиска состојба

**Анализа на финансиското работење на издавачот - опис на финансиската состојба, промените во финансиската состојба и резултатите од работењето за секоја година вклучувајќи ги и причините за значајните промени во финансиските податоци од година во година до ниво кое ќе овозможи запознавање со работењето на издавачот во целина.**

Анализата на финансиската состојба и работењето на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино е направена врз основа на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2015 година (Прилог бр.1), за 2016 година (Прилог бр.2), за 2017 година (Прилог бр.3) и Неревидираните финансиски извештаи за 2018 година (Прилог бр.4).

**БИЛАНС НА УСПЕХ за период 2015-2018 година**

| на 31.12. во 000 денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Процент промена 2016/2015 | Процент промена 2017/2016 | Процент промена 2018/2017 | Апсолутна промена 2016-2015 | Апсолутна промена 2017-2016 | Апсолутна промена 2018-2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 89,226 | 83,796 | 33,683 | 72,443 | ⇩ -6.09% | ⇩ -59.80% | ⇧ 115.07% | -5,430 | -50,113 | 38,760 |
| Останати оперативни приходи | 10,496 | 5,491 | 11,995 | 20,612 | ⇩ -47.68% | ⇧ 118.45% | ⇧ 71.84% | -5,005 | 6,504 | 8,617 |
| **Нето приходи** | **99,722** | **89,287** | **45,678** | **93,055** | ⇩ **-10.46%** | ⇩ **-48.84%** | ⇧ **103.72%** | **-10,435** | **-43,609** | **47,377** |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| Промени во залихи на готови производи и производство во тек | -2,286 | 1,290 | 4,136 | -5,354 | ⇩ -156.43% | ⇧ 220.62% | ⇩ -229.45% | 3,576 | 2,846 | -9,490 |
| Употребени суровини и материјали | 36,443 | 37,435 | 24,048 | 34,424 | ⇧ 2.72% | ⇩ -35.76% | ⇧ 43.15% | 992 | -13,387 | 10,376 |
| Трошоци за вработени | 30,634 | 30,755 | 22,646 | 31,049 | ⇧ 0.39% | ⇩ -26.37% | ⇧ 37.11% | 121 | -8,109 | 8,403 |
| Амортизација | 10,402 | 10,516 | 9,860 | 9,146 | ⇧ 1.10% | ⇩ -6.24% | ⇩ -7.24% | 114 | -656 | -714 |
| Останати оперативни трошоци | 29,355 | 24,604 | 26,009 | 20,407 | ⇩ -16.18% | ⇧ 5.71% | ⇩ -21.54% | -4,751 | 1,405 | -5,602 |
| **Трошоци** | **104,548** | **104,600** | **86,699** | **89,672** | ⇧ **0.05%** | ⇩ **-17.11%** | ⇧ **3.43%** | **52** | **-17,901** | **2,973** |
| **Оперативна добивка (загуба)** | **-4,826** | **-15,313** | **-41,021** | **3,383** | ⇧ **217.30%** | ⇧ **167.88%** | ⇧ **108.25%** | **-10,487** | **-25,708** | **44,404** |
| Приходи (расходи) од финансирање | -2,454 | -2,551 | -3,573 | -2,515 | ⇧ 3.95% | ⇧ 40.06% | ⇩ -29.61% | -97 | -1,022 | 1,058 |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **-7,280** | **-17,864** | **-44,594** | **868** | ⇧ **145.38%** | ⇧ **149.63%** | ⇧ **101.95%** | **-10,584** | **-26,730** | **45,462** |
| Данок на добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | **-7,280** | **-17,864** | **-44,594** | **868** | ⇧ **145.38%** | ⇧ **149.63%** | ⇧ **101.95%** | **-10,584** | **-26,730** | **45,462** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино

Реализираните приходи од продажба во периодот 2015-2017 година бележат тренд на континуирано намалување, при што само со крајот на 2017 година се намалени за 59,8%, односно 50,11 милиони денари во однос на претходната година. Меѓутоа, во 2018 година приходите од продажба се значително зголемени за 115%, односно за 38,76 милиони денари во однос на претходната 2017 година и истите изнесуваат 72,44 милиони денари.

Во продолжение се дадени податоци за вкупните приходи на Друштвото за периодот 2015 – 2018 година.

| на 31.12. во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 89.23 | 83.80 | 33.68 | 72.44 |
| Останати оперативни приходи | 10.50 | 5.49 | 12.00 | 20.61 |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*




Од аспект на реализираните трошоци на Друштвото, во периодот 2015-2017 година карактеристичен е тренд на намалување на трошоците, што главно се должи на намалувањето трошоците кои всушност имаат и најголемо учество во вкупните трошоци, имено трошоците за употребени суровини и материјали и трошоците за вработени. Така, вкупните трошоци на Друштвото во 2017 година се на ниво од 86,70 милиони денари и во однос на претходната 2016 година се намалени за 17,11%. Во 2018 година трошоците се незначително зголемени за 3,43%, односно 2,97 милиони на годишно ниво, при што се забележува пораст кај употребените суровини и материјали и трошоците за вработени, при истовремено намалување на залихите на готови производи и останатите оперативни трошоци.

Значителното намалување на трошоците во 2017 година се должи на тоа што голем дел од насадите беа уништени со пролетниот мраз кој ја зафати земјата, па на одреден дел од површината немаше никаква корист од дополнително третирање (заштита) што се одрази директно на остварениот трошок. Од друга страна, ниските температури во зимскиот период кои направија штети во лозарството и потоа доцните пролетни мразеви кои во целост уништија 60 ха од лозарството и целокупниот насад на вишна ја намалија потребата од работна сила. Кај лозарството на оштетените 60 ха вегетацијата беше преполовена и немаше никаков принос што директно се одрази на намалување на работната сила за вегетација и берба. Уништувањето на вишната ја намали искористената работна сила заради отсуството на берба каде се реализира и позначаен дел од трошоците за работници.

Како резултат на неповолните временски услови, а оттаму и поголемото намалување на нето приходите од намалувањето на трошоците, со крајот на 2017 година



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

реализирана е нето загуба од оперативно работење во износ од 41,02 милиони денари и загубата е за 168%, односно за 25,71 милиони денари повисока од истата остварена во 2016 година. Меѓутоа, во 2018 година остварена е оперативна добивка од 3,38 милиони денари како последица на фактот што станува збор за една оптимална година без драстични климатски осцилации каде се оствaрија планираните приходи.

| на 31.12. во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | 104.55 | 104.60 | 86.70 | 89.67 |
| Нето приходи | 99.72 | 89.29 | 45.68 | 93.06 |
| **Добивка (Загуба) од оперативно работење** | **-4.83** | **-15.31** | **-41.02** | **3.38** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*




Имајќи ги во предвид и реализираните нето финансиски расходи (кај кои е карактеристичен тренд на зголемување во периодот 2015-2017 година), Друштвото заклучно со крајот на 2017 година оствари нето загуба во износ од 44,59 милиони денари, која е за 149,63%, односно 26,73 милиони денари повисока од загубата реализирана во претходната 2016 година. Меѓутоа, во 2018 година Друштвото оствари позитивен финансисики резултат со нето добивка од 0,87 милиони денари, која најмногу е резултат на зголемени продажби при исто ниво на трошоци.

| на 31.12. во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Нето добивка (загуба) за периодот | -7.28 | -17.86 | -44.59 | 0.87 |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*




Како одговор на овие околности, ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино прави напори за намалување на директните производствени трошоци, а



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови НЕГОТИНО

фокус е ставен на профитабилните производи и купувачи, и во крајна линија планирано е со средствата кои Друштвото ќе ги прибере со новата емисија на акции да се исплатат во целост тековните заеми (кредити) што Друштвото го има земено од доминантниот сопственик Репро Оне Лимитед.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА за период 2015-2018 година**

| на 31.12. во 000 денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Процент промена 2016/2015 | Процент промена 2017/2016 | Процент промена 2018/2017 | Апсолутна промена 2016-2015 | Апсолутна промена 2017-2016 | Апсолутна промена 2018-2017 | Учество во актива/пасива 2015 | Учество во актива/пасива 2016 | Учество во актива/пасива 2017 | Учество во актива/пасива 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Нетековни средства** | | | | | | | | | | | | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 51,768 | 56,230 | 53,673 | 51,481 | ↑ 8.62% | ↓ -4.55% | ↓ -4.08% | 4,462 | -2,557 | -2,192 | 25.41% | 27.33% | 31.62% | 34.77% |
| Биолошки средства | 68,014 | 60,286 | 52,960 | 46,339 | ↓ -11.36% | ↓ -12.15% | ↓ -12.50% | -7,728 | -7,326 | -6,621 | 33.39% | 29.30% | 31.20% | 31.30% |
| Вложувања расположливи за продажба | 477 | 411 | 411 | 311 | ↓ -13.84% | → 0.00% | ↓ -24.33% | -66 | 0 | -100 | 0.23% | 0.20% | 0.24% | 0.21% |
| **Вкупно нетековни средства** | **120,259** | **116,927** | **107,044** | **98,131** | ↓ **-2.77%** | ↓ **-8.45%** | ↓ **-8.33%** | **-3,332** | **-9,883** | **-8,913** | **59.04%** | **56.83%** | **63.07%** | **66.27%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **Тековни средства** | | | | | | | | | | | | | | |
| Залихи | 12,457 | 12,093 | 11,858 | 14,801 | ↓ -2.92% | ↓ -1.94% | ↑ 24.82% | -364 | -235 | 2,943 | 6.12% | 5.88% | 6.99% | 10.00% |
| Биолошки средства (земјоделско недовршено производство) | 16,391 | 15,125 | 10,993 | 16,335 | ↓ -7.72% | ↓ -27.32% | ↑ 48.59% | -1,266 | -4,132 | 5,342 | 8.05% | 7.35% | 6.48% | 11.03% |
| Побарувања од продажба | 32,588 | 37,479 | 19,076 | 18,247 | ↑ 15.01% | ↓ -49.10% | ↓ -4.35% | 4,891 | -18,403 | -829 | 16.00% | 18.22% | 11.24% | 12.32% |
| Дадени позајмици | 20,368 | 23,776 | 20,120 | 0 | ↑ 16.73% | ↓ -15.38% | ↓ -100.00% | 3,408 | -3,656 | -20,120 | 10.00% | 11.56% | 11.85% | |
| Останати тековни средства и АВР | 1,291 | 329 | 624 | 547 | ↓ -74.52% | ↑ 89.67% | ↓ -12.34% | -962 | 295 | -77 | 0.63% | 0.16% | 0.37% | 0.37% |
| Парични еквиваленти | 345 | 2 | 9 | 7 | ↓ -99.42% | ↑ 350.00% | ↓ -22.22% | -343 | 7 | -2 | 0.17% | 0.00% | 0.01% | 0.00% |
| **Вкупно тековни средства** | **83,440** | **88,804** | **62,680** | **49,937** | ↑ **6.43%** | ↓ **-29.42%** | ↓ **-20.33%** | **5,364** | **-26,124** | **-12,743** | **40.96%** | **43.17%** | **36.93%** | **33.73%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **203,699** | **205,731** | **169,724** | **148,068** | ↑ **1.00%** | ↓ **-17.50%** | ↓ **-12.76%** | **2,032** | **-36,007** | **-21,656** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Главнина** | | | | | | | | | | | | | | |
| Акционерски капитал | 105,344 | 105,344 | 105,344 | 105,344 | → 0.00% | → 0.00% | → 0.00% | 0 | 0 | 0 | 51.72% | 51.20% | 62.07% | 71.15% |
| Резерви | 227 | 227 | 227 | 227 | → 0.00% | → 0.00% | → 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0.11% | 0.11% | 0.13% | 0.15% |
| Ревалоризациона резерва | 604 | 605 | 605 | 606 | ↑ 0.17% | → 0.00% | ↑ 0.17% | 1 | 0 | 1 | 0.30% | 0.29% | 0.36% | 0.41% |
| Акумулирана добивка | 1,878 | 1,878 | 0 | 868 | → 0.00% | ↓ -100.00% | | 0 | -1,878 | 868 | 0.92% | 0.91% | 0.00% | 0.59% |
| Акумулирана загуба | -148,139 | -166,003 | -208,719 | -208,720 | ↑ 12.06% | ↑ 25.73% | ↑ 0.00% | -17,864 | -42,716 | -1 | -72.72% | -80.69% | -122.98% | -140.96% |
| **Вкупно главнина** | **-40,086** | **-57,949** | **-102,543** | **-101,675** | ↑ **44.56%** | ↑ **76.95%** | ↓ **-0.85%** | **-17,863** | **-44,594** | **868** | **-19.68%** | **-28.17%** | **-60.42%** | **-68.67%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **Нетековни обврски** | | | | | | | | | | | | | | |
| Долгорочни кредити и позајмици | 196,162 | 184,351 | 200,432 | 202,451 | ↓ -6.02% | ↑ 8.72% | ↑ 1.01% | -11,811 | 16,081 | 2,019 | 96.30% | 89.61% | 118.09% | 136.73% |
| **Вкупно нетековни обврски** | **196,162** | **184,351** | **200,432** | **202,451** | ↓ **-6.02%** | ↑ **8.72%** | ↑ **1.01%** | **-11,811** | **16,081** | **2,019** | **96.30%** | **89.61%** | **118.09%** | **136.73%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | | | | | | | | | | | |
| Обврски кон добавувачи | 32,963 | 46,857 | 58,081 | 32,272 | ↑ 42.15% | ↑ 23.95% | ↓ -44.44% | 13,894 | 11,224 | -25,809 | 16.18% | 22.78% | 34.22% | 21.80% |
| Краткорочни кредити и позајмици | 0 | 4,436 | 0 | 0 | | ↓ -100.00% | | 4,436 | -4,436 | 0 | 0.00% | 2.16% | 0.00% | |
| Тековна доспеаност на долгорочни кредити и позајмици | 0 | 14,067 | 0 | 0 | | ↓ -100.00% | | 14,067 | -14,067 | 0 | 0.00% | 6.84% | 0.00% | |
| Останати тековни обврски и ПВР | 14,659 | 13,969 | 13,754 | 15,020 | ↓ -4.71% | ↓ -1.54% | ↑ 9.20% | -690 | -215 | 1,266 | 7.20% | 6.79% | 8.10% | 10.14% |
| **Вкупно тековни обврски** | **47,622** | **79,329** | **71,835** | **47,292** | ↑ **66.58%** | ↓ **-9.45%** | ↓ **-34.17%** | **31,707** | **-7,494** | **-24,543** | **23.38%** | **38.56%** | **42.32%** | **31.94%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно обврски** | **243,784** | **263,680** | **272,267** | **249,743** | ↑ **8.16%** | ↑ **3.26%** | ↓ **-8.27%** | **19,896** | **8,587** | **-22,524** | **119.68%** | **128.17%** | **160.42%** | **168.67%** |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **203,698** | **205,731** | **169,724** | **148,068** | ↑ **1.00%** | ↓ **-17.50%** | ↓ **-12.76%** | **2,033** | **-36,007** | **-21,656** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Вкупните средства во 2018 година се намалени за 12,76% (односно 21,66 милиони денари) и истите изнесуваат 148,07 милиони денари. Притоа, вкупните нетековни средства бележат намалување од 8,33% (односно 8,91 милиони денари) и на крајот на 2018 година се на ниво од 98,13 милиони денари. Најголемо намалување има кај биолошките средства за 12,50% (односно 6,62 милиони денари) и на крајот на 2018 година изнесуваат 46,34 милиони денари, како и намалувањето кај недвижностите од 4,08% (односно 2,19 милиони денари) кои на крајот од 2017 година изнесуваат 51,48 милиони денари. Од друга страна, вкупните тековни средства бележат намалување од 20,33% (односно 12,74 милиони денари) и на крајот на 2018 година се на ниво од 49,93 милиони денари. Најголемо намалување има кај дадените позајмици кои се целосно наплатени, додека зголемување се забележува кај залихите за 24,82% (односно 2,94 милиони денари) кои на крајот на 2018 година изнесуваат 14,80 милиони денари и биолошките средства за 48,59% (односно 5,34 милиони денари) кои на крајот на 2018 година изнесуваат 16,33 милиони денари.

Вкупните обврски со состојба од крајот на 2018 година се на ниво од 249,74 милиони денари и во споредба со состојбата од крајот на претходната година бележат намалување од 8,27% (односно 22,52 милиони денари). Вкупните нетековни обврски се состојат целосно од долгорочни кредити и позајмици кои бележат незначително



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ
АД увоз-извоз
с.Црвени Брегови
Неготино

зголемување од 1,01% (односно 2,01 милиони денари) и на крајот на 2018 година изнесуваат 202,45 милиони денари. Вкупните тековни обврски бележат намалување од 34,17% (односно 24,54 милиони денари) и на крајот на 2018 година се на ниво од 47,29 милиони денари. Намалувањето се должи на значителното намалување на обврските кон добавувачи за 44,44% (односно 25,81 милиони денари) кои со крајот на 2018 година се на ниво од 32,27 милиони денари.

## 9.2. Резултати од работењето

### 9.2.1. Информации за позначајните фактори, вклучувајќи ги невообичаени ретки настани и иновации, кои значајно влијаат на приходите на издавачот, со назначување на тоа до кој степен наведениот фактор влијаел на приходот на издавачот.

Како најзначаен фактор кој има големо влијание врз приходите на Друштвото се временските прилики, од кои целосно зависи приносот на културите, а оттаму има влијание и на нивото на продажби. Во сезони на лоши и екстремни временски услови, проследени со температурни шокови, доцни мразови, суши или поплави, Друштвото може да се соочи со намален или целосно уништен принос на културите што директно ќе се одрази на работењето. Оттаму, потенцијалните купувачи на акции од оваа јавна понуда треба да го земат во предвид овој ризик на непредвидливи временски услови врз кои Друштвото нема влијание, а од кои зависат приходите, а понатаму и резултатите од работењето. Овие ризици би можеле да се ублажат односно минимизираат преку осовременување на насадите, но за тоа се потребни финансиски средства со кои Друштвото моментално не располага.

### 9.2.2. Во случај финансиските извештаи да прикажуваат значајни промени во нето продажбата односно приходите од продажба, потребно е да се опишат причините за тие промени.

Намалените приходи во 2017 година беа последица на исклучителната лоша година во која земјоделието се соочи со катастрофални временски неприлики што го преполовија приносот во сите сектори, а со тоа и директно влијаеа на остварените приходи од продажба. При тоа со значителни загуби не се соочи само Црвени Брегови АД туку и сите останати друштва кои се занимаваат со земјоделство. Во 2017 година и државата вршеше проценка на претрпените штети и исплаќаше одреден надомест, со цел да се помогнат земјоделците финансиски до следната сезона, затоа што во спротивно беше загрозена и следната реколта.

Реализираните приходи од продажба во периодот 2015 – 2017 година бележат тренд на континуирано намалување, кое главно се должи на намалените приходи од продажба на производи на домашниот пазар, а особено во делот на продажбите на житарици и лозарство. Приходите од продажба на житарицата се намалени како резултат на неповолната (премногу ниска) продажна цена, која беше последица на голема понуда на пазарот со житарица, но и на слабите остварени приноси како резултат на временските услови. Од друга страна, намалените приходи во лозарство се должат исклучиво на намалените приноси, како резултат на лошите временски услови затоа што на пазарот постојано имаше недостаток на квалитетно грозје кое се продаваше по висока цена во зависност од сортата.

Зголемените приходи во 2018 година се должат на зголемените приноси во сите сектори односно постигнати оптимални приноси во согласност со планираните. Така во лозарство приходите од продажба се зголемени за над 90% што се должи исклучиво на зголемените приноси ако се има во предвид дека продажната цена е идентична како и во претходната производна година. Приходите од полјоделство се имаат зголемено за над 200% како резултат на постигнатите приноси кои се тројно поголеми од претходната година, но влијание има и



Извршен член на Одборот на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз

зголемената просечна продажна цена за 40% што се должи на подобриот квалитет на житарицата во однос на претходната година. Во овоштарство се остварени приходи од 1.5 милиони денари за разлика од претходната година кога како резултат на временските услови вишната не оствари никаков принос.

**9.2.3. Потребно е да се наведат информации за владини, економски, фискални и монетарни политики или други фактори кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот.**

Фактори кои значајно може да влијаат на работата на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино се промена на владините годишни програми за директни плаќања во земјоделието и уредбите кои ги уредуваат поблиските критериуми за корисниците. Имено, субвенциите претставуваат многу значајна приходна ставка за Издавачот, која во голема мерка го олеснува работењето и ја подобрува ликвидноста, така што од клучно значење е да нема драстични промена во надолна линија на субвенциите затоа што тоа директно ќе влијае на натамошното работење.

## 10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

### 10.1. Информација за изворите на средства на издавачот (вклучувајќи ги и долгорочните и краткорочните).

Вкупните обврски на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино заклучно со 31.12.2018 година изнесуваат 249.743 илјади денари и се за 8,27% пониски од претходната година. Значајно е да се забележи дека вкупните обврски се за 1,68 пати повисоки од вкупните средства на Друштвото, поради негативната главнина во последните четири години.

Изворите на средства за финансирање на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино се засноваат во најголем дел на долгорочни кредити и позајмици од доминантниот сопственик Репро Оне Лимитед Тортола, кои заклучно со 31.12.2018 година изнесуваат 202.451 илјади денари и претставуваат 81,05% од вкупните обврски на Друштвото, односно се за 1,36 пати повисоки од вкупните средства на Друштвото. Останатиот дел од обврските потекнуваат од обврски спрема добавувачи и останати тековни обврски и ПВР.

Во продолжение се наведени вкупните обврски на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино за периодот 2015 – 2018 година:

| на 31.12. во 000 денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Процент промена 2016/2015 | Процент промена 2017/2016 | Процент промена 2018/2017 | Апсолутна промена 2016-2015 | Апсолутна промена 2017-2016 | Апсолутна промена 2018-2017 | Учество во обврски 2015 | Учество во обврски 2016 | Учество во обврски 2017 | Учество во обврски 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нетековни обврски** | | | | | | | | | | | | | | |
| Долгорочни кредити и позајмици | 196,162 | 184,351 | 200,432 | 202,451 | ⇩ -6.02% | ⇧ 8.72% | ⇧ 1.01% | -11,811 | 16,081 | 2,019 | 80.47% | 69.91% | 73.62% | 81.06% |
| **Вкупно нетековни обврски** | 196,162 | 184,351 | 200,432 | 202,451 | ⇩ -6.02% | ⇧ 8.72% | ⇧ 1.01% | -11,811 | 16,081 | 2,019 | 80.47% | 69.91% | 73.62% | 81.06% |
| **Тековни обврски** | | | | | | | | | | | | | | |
| Обврски кон добавувачи | 32,963 | 46,857 | 58,081 | 32,272 | ⇧ 42.15% | ⇧ 23.95% | ⇩ -44.44% | 13,894 | 11,224 | -25,809 | 13.52% | 17.77% | 21.33% | 12.92% |
| Краткорочни кредити и позајмици | 0 | 4,436 | 0 | 0 | | ⇩ -100.00% | | 4,436 | -4,436 | 0 | 0.00% | 1.68% | 0.00% | 0.00% |
| Тековна доспеаност на долгорочни кредити и позајмици | 0 | 14,067 | 0 | 0 | | ⇩ -100.00% | | 14,067 | -14,067 | 0 | 0.00% | 5.33% | 0.00% | 0.00% |
| Останати тековни обврски и ПВР | 14,659 | 13,969 | 13,754 | 15,020 | ⇩ -4.71% | ⇩ -1.54% | ⇧ 9.20% | -690 | -215 | 1,266 | 6.01% | 5.30% | 5.05% | 6.01% |
| **Вкупно тековни обврски** | 47,622 | 79,329 | 71,835 | 47,292 | ⇧ 66.58% | ⇩ -9.45% | ⇩ -34.17% | 31,707 | -7,494 | -24,543 | 19.53% | 30.09% | 26.36% | 18.94% |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | 243,784 | 263,680 | 272,267 | 249,743 | ⇧ 8.16% | ⇧ 3.26% | ⇩ -8.27% | 19,896 | 8,587 | -22,524 | 100.00% | 100.00% | 100.00% | 100.00% |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз Црвени Брегови

**10.2. Објаснување на готовинските текови на издавачот и нивните износи.**

Во продолжение е даден Извештајот на паричните текови на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино за периодот 2015 – 2018 година:

| на 31.12. во 000 денари | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Парични текови од оперативни активности** | | | | |
| **Добивка (Загуба) пред оданочување** | -7,280 | -17,864 | -44,594 | 868 |
| **Усогласување за:** | | | | |
| Амортизација на НПО | 2,609 | 2,788 | 2,534 | 2,525 |
| Амортизација на биолошки средства | 7,794 | 7,728 | 7,326 | 6,621 |
| Сегашна вредност на расходувана опрема | | | 23 | 22 |
| Расходи (приходи) од камати, нето | 2,454 | 1,953 | 3,545 | 2,439 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **5,577** | **-5,395** | **-31,166** | **12,475** |
| | | | | |
| | | | | |
| Побарувања од продажба | 15,197 | -4,891 | 18,403 | 985 |
| Останати тековни средства и АВР | -372 | 962 | -295 | -77 |
| Залихи и недовршено земјоделско производство | -2,612 | 1,630 | 4,367 | -8,307 |
| Обврски од добавувачи | -12,990 | 13,894 | 11,224 | -25,809 |
| Останати тековни обврски и ПВР | -3,379 | -690 | -215 | 1,264 |
| **Нето пари употребени во работењето** | **1,421** | **5,510** | **2,318** | **-19,469** |
| | | | | |
| Платена камата | -2,493 | -1,995 | -3,594 | -2,439 |
| Платен данок од добивка | -34 | | | |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **-1,106** | **3,515** | **-1,276** | **-21,908** |
| | | | | |
| | | | | |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | | |
| Дадени/наплатени позајмици на други, нето | -1,630 | -3,408 | 3,656 | 20,219 |
| Стекнати вложувања во хартии од вредност | 0 | 66 | 0 | 0 |
| Примени камати | 39 | 42 | 49 | 0 |
| Набавки на биолошки средства | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема | -6,765 | -7,250 | 0 | -332 |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **-8,356** | **-10,550** | **3,705** | **19,887** |
| | | | | |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | | |
| Искористени (вратени) кредити и заеми, нето | 2,033 | 6,692 | -2,422 | 2,019 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **2,033** | **6,692** | **-2,422** | **2,019** |
| | | | | |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **-7,429** | **-343** | **7** | **-2** |
| | | | | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **7,774** | **345** | **2** | **9** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **345** | **2** | **9** | **7** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Извештајот за паричните текови на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино даден погоре ги објавува паричните приливи и одливи на Друштвото за периодот 2015 – 2018 година, групирани според оперативни, вложувачки и финансиски активности. Податоците од Извештајот за парични текови го помагаат објаснувањето на промените на последователните Биланси



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

на состојба и ги дополнува информациите кои се добиваат од Билансите на успех.

Паричниот тек од оперативните активности го мери износот на генерирани или исплатени парични средства на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино, како резултат на производството и продажбата на производите. Нето тековите од оперативни активности во 2018 година се негативни и изнесуваат -21,908 илјади денари и се поголеми за 20,632 илјади денари во споредба со претходната година, најмногу како резултат на разликите кои се јавуваат кај обврски кон добавувачи, залихи и недовршено земјоделско производство и побарувањата од продажба.

Нето паричните текови од вложувачки активности упатуваат на износот на паричните текови кои се употребени за набавка на основни средства и дадени/наплатени позајмици на други. Од табелата може да се забележи дека нето паричните текови од вложувачки активности во 2018 година изнесуваат 19,887 илјади денари и скоро целосно произлегуваат од наплатени позајмици.

Готовинските текови од финансиските активности на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино во 2018 година произлегуваат од нето приливите од искористени кредити и заеми и изнесуваат 2,019 илјади денари.
Паричните средства на крајот од 2018 година изнесуваат 7 илјади денари и се намалени за 2 илјади денари споредено со претходната 2017 година.

### 10.3. Информација за условите под кои издавачот се задолжува, како и за структурата на изворите на финансирање.

Долгорочните кредити и позајмици на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино целосно се однесуваат на земените кредитите од доминантниот сопственик Репро Оне Лимитед Тортола. На крајот на 2018 година вкупниот износ на кредити кон доминантниот сопственик Репро Оне Лимитед Тортола изнесува 202.451 илјади денари. Зголемувањето од 2.019 илјади денари се должи на капитализацијата на каматата на сите кредитни партии. Во текот на 2018 година нема евидентирано ново задолжување по основ на дополнителни заеми и кредити.
Во продолжение се дадени податоци за долгорочните кредити и позајмици во периодот 2015 – 2018 година:

| со 31.12. во 000 денари | | 2015 | 2016 | 2017 | 2018* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Позајмици од:** | | | | | |
| Репро Оне Лимитед | а | 88,276 | 89,303 | 90,210 | 50,465 |
| Репро Оне Лимитед | б | 48,778 | 49,459 | 49,962 | 91,119 |
| Репро Оне Лимитед | в | 44,939 | 45,589 | 46,052 | 8,901 |
| Репро Оне Лимитед | г | 8,634 | 8,724 | 8,812 | 46,515 |
| Репро Оне Лимитед | д | 3,486 | 3,273 | 3,306 | 3,339 |
| Репро Оне Лимитед | ѓ | 2,049 | 2,070 | 2,090 | 2,112 |
| **Вкупно долгорочни кредити** | | **196,162** | **198,418** | **200,432** | **202,451** |
| Минус: Тековна доспеаност | | 0 | -14,067 | 0 | 0 |
| **Нето договорчни кредити** | | **196,162** | **184,351** | **200,432** | **202,451** |

**Податоците за годините заклучно со состојба од 31.12.2017 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 31.12.2018 година не се ревидирани од овластен ревизор.*



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

Во продолжение се дадени подетални податоци за поединечните долгорочни кредити и позајмици:

а) Договор за заем број 03-13 од 03.01.2008 година Анекси бр.1 до 9 во периодот од 2009 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 1,467,050 Евра со рок на отплата 2 години, еднократно на 30.01.2019 година и каматна стапка од 1% годишно. По доспевањето на 30.01.2019 година се изврши репрогамирање на заемот под истите услови, со рок на отплата 2 години и каматна стапка од 1% годишно.

б) Договор за заем број 03-192 од 09.11.2007 година и Анекси бр.1 до 10 во периодот од 2009 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 812,509 Евра, со рок на отплата 2 години, еднократно на 10.01.2019 година и каматна стапка од 1% годишно. По доспевањето на 10.01.2019 година се изврши репрогамирање на заемот под истите услови, со рок на отплата 2 години и каматна стапка од 1% годишно.

в) Договор за заем број 03-97 од 12.06.2008 година и Анекси бр.1 до 10 во периодот од 2009 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 748,921 Евра, со рок на отплата 2 години, еднократно на 10.01.2019 година и каматна стапка од 1% годишно. По доспевањето на 10.01.2019 година се изврши репрогамирање на заемот под истите услови, со рок на отплата 2 години и каматна стапка од 1% годишно.

г) Договор за заем број 03-118 од 15.03.2010 година и Анекси бр.1 до 7 во периодот од 2011 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 143,306 Евра, со рок на отплата од 3 години, еднократно на 10.11.2020 година и каматна стапка од 1% годишно.

д) Договор за заем број 03-121 од 25.03.2011 година и Анекси бр.1 до 6 во периодот од 2012 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 53,766 Евра, со рок на отплата од 3 години, еднократно на 07.04.2020 година и каматна стапка од 1% годишно.

ѓ) Договор за заем број 03-121 од 25.03.2011 година и Анекси бр.1 до 6 во периодот од 2012 до 2017 година. Салдото на заемот на 31 декември 2017 изнесува 34,000 Евра, со рок на отплата од 4 години, еднократно на 17.10.2021 година и каматна стапка од 1% годишно.
По горенаведените договори за заеми Друштвото нема дадено обезбедување

**10.4. Информација за какви било ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот.**

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино нема никакви ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање.

**10.5. Информација за очекуваните извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции наведени во точките 5.2.3 и 8.1.**

Под претпоставка на 100%-на реализација на емисијата, средствата прибрани од втората емисија на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино ќе се искористат за целосна отплата на долгот кон доминантниот сопственик Репро Оне Лимитед Тортола. По подмирувањето на обврските кон Репро Оне Лимитед Тортола, планираните инвестициски активности на Друштвото ќе се финансираат од сопствени извори на средства и од кредити земени од банки.



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

## 11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ

Издавачот нема посебни политики за истражување на нови производи, услуги и постапки, вклучувајќи и податоци за патенти и лиценци, додека договорите за закуп за концесија се опишани во точка 8.2.

## 12. ТРЕНДОВИ

Најзначаен тренд е континуираната непредвидливост на временските услови кои во голема мера го отежнуваат планирањето на финансискиот резултат. Самата промена на климата во комбинацијата со заостанатиот начин на производство резултира во пониски приноси од планираните што директно влијае на остварените приходи и на успешноста на секторот во целина. Од друга страна дел од производите на Црвени Брегови се берзански производи на кои не може да влијае ниту на продажната цена, туку истата е однапред зададена. Во оваа констелација многу поефикасно може да се влијае на трошковната страна преку намалување на производните трошоци без да се влијае на конечниот квалитет на произведениот производ.

## 13. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ

Управувањето со друштвото е организирано според едностепениот систем со одбор на директори. Одборот на директори го сочинуваат 4 (четири) члена, од кои три се неизвршни членови на одборот на директори, еден од неизвршните е и независен член (во натамошниот текст: неизвршни членови) и еден Извршен член на Одборот на директори со назив што е вообичаен за вршење на функцијата Генерален директор (во натамошниот текст: Извршен директор). Членовите на одборот на директори ги избира и отповикува собранието на друштвото со мнозинство на гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со Статут. Членовите на одборот на директори се избираат за време од 4 (четири) години, со можност повторно да бидат избрани без ограничување на можноста за реизбор. Пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на директори за секој кандидат во писмена форма се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работно искуство и како го стекнал, во кои друштва бил член на орган на управување, односно надзорен орган и други поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседувал во друштвото и во другите друштва, како и заемните и други обврски коишто ги има спрема друштвото. Податоците се достапни на секој акционер најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор.

Пред да се пристапи кон избор на членови на Одборот на директори, акционерите предлагаат кандидати за членови на Одборот на директори. Предлози на кандидати за членови на Одборот на директори можат да дадат акционери коишто поседуваат најмалку 20% од сите акции на друштвото.

Одборот на директори, во рамките на овластувањата определени со Закон и Статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието, управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на директори.

Одборот на директори во рамките на овластувањата ги врши следните работи:

- Ја утврдува деловната политика на друштвото;
- Го усвојува деловниот план на друштвото и дава насоки за негово спроведување;



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

- Одлучува по приговорите на работниците како второстепен орган за правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос;
- Одлучува за купување, продажба на основни и други средства;
- Одлучува за големи зделки, вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција, која што се однесува директно или индиректно на стекнување или отуѓување или можно отуѓување на имотот на друштвото, и зделки со заинтересирана страна, во смисла и во постапка согласно одредбите на Законот за трговските друштва. Секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, мора да биде одобрена од Одборот на директори, со одлука којашто се донесува со согласност на сите членови на Одборот на директори. Секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, мора да биде одобрена од Собранието со одлука којашто се донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието;
- Донесува одлука за попис на основните средства и ситен инвентар;
- Донесува одлука за попис на средствата на друштвото;
- Го усвојува извештајот на пописната комисија за попис на средствата на друштвото;
- Ја утврдува внатрешната организација на друштвото, бројот на лицата потребни за вршење на дејноста на Друштвото, како и нивните квалификации и други услови;
- Ја одредува платата на вработените;
- Донесува одлуки во врска со земањето и давањето на краткорочни и долгорочни кредити;
- Назначува раководни лица со посебни овластувања и одговорности кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото;
- Донесува Одлука за свикување собрание;
- Утврдува предлог одлука за измена на Статутот;
- Донесува Програма за економски, технолошки, структурални и други промени, кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените;
- Одлучува за превземање на мерки за заштита при работа, противпожарна заштита и унапредување на животната средина;
- Одлучува за именување и разрешување на членовите на комисиите предвидени со актите на друштвото;
- Одлучува за издавање на основните средства на друштвото под закуп;
- Ги утврдува работните места со услови на работа потешки од нормалните;
- На барање на Собранието ги подготвува општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на собранието;
- Ги подготвува договорите коишто можат да се склучат само со согласност на Собранието;
- Ги извршува одлуките коишто собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност;
- Ги определува овластените потписници на друштвото;
- Одлучува за склучување колективен договор;
- Донесува одлуки за финансиска помош, спонзорства и даноци;
- Одлучува и по други прашања и врши и други работи утврдени со Законот и Статутот.

За прашањата од својата надлежност Одборот на директори донесува акти во вид на одлуки, правилници, деловници, упатства, наредби и заклучоци.

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во којашто друштвото е странка и во којашто член на Одборот на директори има интерес дури и на посреден



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ациев
Генерален директор

начин, мора да се постапи според одредбите за зделки со заинтересирана страна од Законот. Ако член или заинтересиран член на Одборот на директори дојде до сознание дека е исполнет некој горе споменатите услови, за тоа веднаш го известува Одборот на директори. Заинтересираниот член има право да биде сослушан но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението во постапката за одобрување зделка со заинтересирана страна согласно Законот. Ако Одборот на директори односно собранието не дале одобрение или ако одлуката со којашто е дадено одобрението е незаконита, не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрението или за незаконитоста на одлуката или со оглед на сите околности морало да знае за тоа.

Членовите на одборот на директори имаат права и обврски утврдени со закон и Статутот и ги вршат правата и обврските во одборот во интерес на друштвото, имајќи ги во предвид интересите на акционерите и на вработените. Членовите на одборот на директори се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа обврска постои и продолжува да важи и по престанокот на членството во одборот на директори.

Детални податоци за лицата – членови на Одборот на директори на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **13.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Никола Деребанов 4.10.1984** | |
| | **Деловна адреса** | Автопат бр.2 Градско | |
| | **Функција што ја врши кај издавачот** | Претседател на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач** | Управител на Перминдекс ДООЕЛ Градско | |
| **13.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **13.3** | **Детални податоци** | | |
| **13.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Управител на Перминдекс ДООЕЛ Градско | 2010 | денес |
| | Член на надзорен одбор на Винарија Стоби | 2010 | денес |
| | Претседател на секторска група за Овоштарство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ | 2014 | денес |
| | Стопанска Комора на Северна Македонија, Член на одбор на Директори | 2015 | денес |



Извршен член на Одбор на директори
Никола Ацев
Генерален директор

| | | |
|---|---|---|
| 13.3.2. | Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер | Црвени Брегови АД, Претседател на Одбор на директори<br>Винарија Стоби ДООЕЛ, член на Надзорен одбор<br>Стопанска Комора на Северна Македонија, член на одбор на директори |
| 13.3.3. | Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Претседател на Одбор на директори на Вардар Градско АД и на Црвени Брегови (2017 година, предлог за стечајна постапка) |
| 13.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната) | На лицето не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање во последните пет години |
| 13.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество | Лицето нема сопствено учество во основната главнина на издавачот |

| | | |
|---|---|---|
| 13.1. | Име и презиме и датум на раѓање | **Никола Аџиев 06.06.1987** |
| | Деловна адреса | населено место без уличен систем, с. Црвени Брегови, Неготино |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Генерален Директор, извршен член на Одбор на директори |
| | Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач | Нема значајни активности надвор од работењето кај издавачот |
| 13.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Одборот на директори | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори |



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

Црвени Брегови АД увоз-извоз с.Црвени Брегови Неготино

| 13.3 | Детални податоци | | |
|---|---|---|---|
| 13.3.1. | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Управител на Црвени Брегови АД | 2014 | денес |
| 13.3.2. | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Одбор на директори на Црвени Брегови АД, извршен член | |
| 13.3.3. | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Извршен член на Одбор на директори на Црвени Брегови АД (2017 година, предлог за стечајна постапка) | |
| 13.3.4. | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)** | На лицето не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање во последните пет години | |
| 13.3.5. | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество** | Лицето нема сопствено учество во основната главнина на издавачот | |

| | | |
|---|---|---|
| 13.1. | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Иван Цветковски 10.03.1943** |
| | **Деловна адреса** | 16 Македонска Бригада бр.18 Скопје |
| | **Функција што ја врши кај издавачот** | Член на одбор на директори |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач** | Нема значајни активности надвор од работењето кај издавачот |



Извршен член на Одбор на директори
Никола Аџиев
Генерален директор

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД увоз-извоз с.Црвени Брегови